


Малата по години на формирање општина Кривогаштани на чело со ревносниот градоначалник Тони Заткоски кој по втор пат ќе ја бара довербата од своето доминицилно население има многу вложено од 2013 до 2017 година во сите сфери од општественото живеење.

Најпрвин е формирано ЈКП Пелагонија на чело со Благоја Христоски кој успешно се справува со комуналните проблеми во општината Крквогаштани. Најпрвин општината со донација од Јапонската амбасада набави камион за собирање на отпад и метални контејнери. Со набавката на возилото се овозможи собирање на комуналниот отпад во општината и населените места кои гравитираат со општина Кривогаштани.

Извршено е оградување на времена депонија во Кривогаштани, додека со донација од Германската Амбасада набавена е цистерна за отпадна вода со која е овозможено ЈКП Пелагонија на чело со неуморниот директор Благоја Христоски да врши услуги за празнење на септички јами, справување со поплави и слично.

Исто така, со донации е обезбедена нова косачка за трева и машина за чистење на снегот.

Општина Кривогаштани на чело со ревносниот градоначалник Тони Заткоски има изработено програма за енергетска ефикасност и каде истите тие програми се реализирани во поголем број на проекти.

Општина Кривогаштани има организирано поголем број на трибини за енергетска

ефикасност и климатски промени и намалување на емисијата на штетни гасови.

Општина Кривогаштани во координација со ЈКП Пелагонија редовно секоја година учествуваат во проектот Македонија без отпад и каде во исто време се чистат дивите депонии во населените места кои гравитираат со општина Кривогаштани.

Општина Кривогаштани има изработено и техничка документација за изградба на водоводна мрежа во самата општина и населените места.

Исто така, извршена е доградба на канализационата мрежа во општина Кривогаштани.

Со финансиски средства од ЈП за државни патишта изградено е улично осветлување на делницата со Славеј од 850 метри.

Со финансиски средства од општината и ЦРППР изграден е јавен паркинг до сточен пазар во Кривогаштани. Исто така, со средства од БРР преку центар за развој на Пелагонискиот регион и ЕЛС Кривогаштани направено е партерно уредување на плоштад околу општинската зграда.

Изградба на Јавен паркинг до зелен пазар во општина Кривогаштани Општина Крквогаштани во соработка со ЈКП Пелагонија ја има уредено и јавната површина зо центарот на Кривогаштани.

Исто така, општина Кривогаштани го има уредено просторот на Полициската станица во Кривогаштани. За таа цел монтирана е нова ограда на дворот на Полициската станица во општината како и внатрешно партерно уредување.

Со средства од АФПЗРР и ЕЛС Кривогаштани е изграден сточен пазар во општината.

Отворена е канцеларија на Подрачната единица на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во Кривогаштани.

Со сопствени средства општината Кривогаштани субвенционира земјоделци за користење на системот капка по капка и пластеници.

Изработена е стратегија за климатски промени и за таа цел се спроведени трибини за влијанието на климатските промени.

Општината дава поддршка на земјоделците за користење на средствата од ипард програмата.Исто така, во општината катадневно се врши промоција на органското производство.

Општината Кривогаштани посветува доволно внимание и на културните активности. За таа цел со помош на министерството за култура и самата општина се дава поддршка на манифестацијата  “Избор на надубава народна носија".

Општина Кривогаштани има извршено реконструкција и адаптација на старата општинска зграда во општината.

Направена е санација на општинската кино сала, а е извршена и промоција на локалитетите Локвенско Кале и Врбјанска чука.

Со поддршка на министерството за култура реализиран е проектот топол културен бран во летниот период со кој се одржани повеќе културно забавни манифестации.

Општина Кривогаштани на чело со неуморниот градоначалник Тони Заткоски е збратимена со општината Скела од Република Романија. Исто така, се воспоставени и средби со повеќе општини од нашите соседни земји со единствена цел за настап на проекти од прекуграничната соработка финансирани од програмите на ЕУ. Во оваа

прилика да напоменеме дека се остварени и студиски посети и средби со претставници на општини од Италија, Словенија и Хрватска.

Општина Кривогаштани има изработено техничка документација за нова Против пожарна зграда. За таа цел со помош на Владата на Република Македонија и донации обезбедено е поволно возило како донација од Тутунски Комбинат како и ново против пожарно возило со пумпа со висок притисок. Набавена е дополнителна опрема за ПП единицата (облека, чизми, црева и сл) и редовно се организираат обуки на Против пожарната единица.

Општина Кривогаштани направи реконструкција на дел од училишна зграда во самата општина и истата е адаптирана во детска градинка.

Во општината е отворена и Подрачна единица на Министерството за труд и социјална политика. Направена е реконструкција на Здравстевениот дом во општина Кривогаштани. Исто така, функционира и брза помош во општината.

Се работи максимално на патната инфраструктура на сите улици во општината и патно артериско поврзување на Кривогаштани со сите населени места кои гравитираат со општина Кривогаштани.

Партерно и холтикултурно уредување на сите зелени површини во општина та Кривогаштани.

Со горе наведените реализирани проекти Тони Заткоски кој по вокацида е инспектор реално е да го добие од своето доминицилно население второт мандат во извршувањето на градоначалничката функција. Градоначалникот Заткоски катадневно е на терен и ги користи сите прилики и ресурси кои му стојат на располагање само со една цел Кривогаштани да е Европска локална самоуправа.

**Дипл. Екк. Рубинчо В. Јованоски од Прилеп**